...

Државен завод за статистика



# БДП според трошочниот метод, по тековни цени, на годишно ниво

## МС_БДП.ТТ_А_МК_2023_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за пресметка на БДП по расходен метод | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Бобан Илиевски | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Координатор на одделение | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| boban.ilievski@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 3295-685 | |
| **1.8** | **Факс** |
| | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 30/06/2025 | |

## 2.2 Последна објава на метаподатоците

30/06/2025

## 2.3 Последно ажурирање на метаподатоците

30/06/2025

# 3 Статистичка презентација

## 3.1 Опис на податоците

Трошоци за финална потрошувачка на државата; Трошоци за финална потрошувачка на домаќинствата; Трошоци за финална потрошувачка на непрофитните институции кои им служат на домаќинствата (НПИСД); Инвестиции во основни средства; Промена на залихи; Нето-стекнување на вредности; Извоз на стоки и на услуги;Извоз на стоки;Извоз на услуги; Набавки на нерезидентите во земјата; Увоз на стоки и на услуги; Увоз на стоки; Увоз на услуги.

## 3.2 Систем на класификации

Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2. Класификација на институционални сектори КИС. Класификација на производи по дејности, КПД 2008. European Classification of Individual Consumption according to Purpose, 2010, eCOICOP (Класификација на личната потрошувачка по намена).

## 3.3 Опфат на сектор/и

## 3.4 Статистички концепти и дефиниции

Концептите и дефинициит за пресметаните трошочни агрегати потребни за пресметка на БДП по тековни цени, на годишно ниво, се усогласени  со според: Европскиот систем на сметки ЕСС95, ЕСС 2010; Системот на национални сметки СНС93, СНС2008; Регулативата (ЕЗ) бр.2223/96 на Советот на Европа од 25 јуни 1996 година; Прирачниците на Евростат.

Европски систем на сметки ЕСС 2010, Евростат, 2013  https://ec.europa.eu/eurostat/documents/3859598/5925693/KS-02-13-269-EN.PDF/44cd9d01-bc64-40e5-bd40-d17df0c69334

Бруто-домашниот производ (БДП) според трошочниот метод на годишно ниво, по тековни цени, ја прикажува финалната употреба, т.е. потрошувачката на финални производи и услуги произведени во домашната економија за финална потрошувачка, бруто-инвестициите и нето-извозот на стоки и на услуги. Финалната потрошувачка се пресметува како збир на финалната потрошувачка на домаќинствата, финалната потрошувачка на непрофитните институции кои им служат на домаќинставата (НПИСД) и финалната потрошувачка на државата. Финалната потрошувачка на домаќинствата е пресметана според националниот концепт. Бруто-инвестициите се пресметуваат како збир од инвестициите во основни средства, промена на залихите и нето-стекнување на

вредности. Нето-извозот на стоки и на услуги се пресметува како разлика меѓу извозот на стоки и на услуги и увозот на стоки и на услуги. Извозот и увозот на стоки се вреднувани по принципот ФОБ. Податоците се однесуваат за вкупната економија.

## 3.5 Статистичка единица

## 3.6 Статистичка популација

## 3.7 Референтна област

-НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија)

## 3.8 Временска покриеност

Од 1998 до 2008 година, во согласност со ЕСС 95. Од 2000 година во согласност со ЕСС 2010.

## 3.9 Базен период

Не е применливо.

## 4 Единица на мерење

Милиони денари, тековни цени; стандарди на куповната моќ (СКМ).

## 5 Референтен период

Година.

## 6 Институционален мандат

## 6.1 Законски акти и други договори

- Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/2016, 83/2018 и 220/18)
- Програма за статистички истражувања 2023 – 2027 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/23). https://stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/

## 6.2 Споделување на податоци

Податоците се споделуваат по објавувањето со Евростат, ММФ и ОН.

До Евростат споделувањето е преку eDAMIS во согласност со програмата за трансмисија.

Пратени се податоци до Евростат за период од 2000 година до 2022 дефинитивни податоци и 2023 претходни податоци.

## 7 Доверливост

## 7.1 Доверливост - политика

Податоците се индивидуални податоци, заштитени со **Законот за државна статистика**.https://stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/zakon-za-drzhavna-statistika/ Податоците што се прибираат од известувачките единици преку статистичките истражувања или индиректно, од административни или од други извори, се доверливи податоци и се користат исклучиво за статистички цели. Резултатот на статистичката обработка може, исто така, да генерира информации кои се сметаат за доверливи, на пример: анонимизирани индивидуални податоци, табели со многу ниско ниво на агрегација, како и сè уште необјавени податоци. **Политиката за статистичка доверливост https://stat.mk/mk/za-nas/politiki-i-strategii/politika-za-statistichka-doverlivost**ги содржи основните начела што се применуваат во Државниот завод за статистика.

## 7.2 Доверливост - третирање на податоците

Секој индивидуален или личен податок, независно во која фаза на статистичка обработка се наоѓа, има третман на доверлив податок и може да се користи исклучиво за статистички цели. При објавувањето на податоците од ова истражување на агрегирано ниво, не се јавува потреба за дополнително третирање на податоците заради обезбедување статистичка доверливост.

## 8 Политика за објавување

https://stat.mk/mk/%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%B1%D1%98%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B0

## 8.1 Календар на објавување

Објавувањето на податоците е во согласност со Календарот на објавување кој се наоѓа на веб-страницата на Државниот завод за статистика.

Календарот на објавување  кој се подготвува еднаш годишно, пред почетокот на календарската година, а се ажурира квартално.

## 8.2 Пристап до Календарот на објавување

https://stat.mk/mk/%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%B1%D1%98%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B0

## 8.3 Кориснички пристап

Во согласност со Политиката за дисеминација, сите корисници имаат еднаков пристап до статистичките податоци во исто време. Податоците се објавуваат на веб-страницата истовремено за сите корисници кои се информираат од Календарот на навременост и ниеден корисник нема привилегиран третман.

## 9 Фреквенција на дисеминација

Годишна.

## 10 Достапност и јасност

## 10.1 Соопштенија

"Годишно соопштение: „Бруто-домашен производ на Република Северна Македонија во 2023 година - претходни податоци".

https://stat.mk/mk/stat/%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8-%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%B8%D0%B8/bruto-domashen-proizvod/bruto-domashen-proizvod/bruto-domashen-proizvod-vo-2023-godina-pretkhodni-podatofi/

## 10.2 Публикации

"Статистички преглед: „Бруто-домашен производ, 2014"". "

## 10.3 Онлајн база на податоци

МАКСтат-база на податоци достапна на веб-страницата на ДЗС.

## 10.4 Пристап до микроподатоци

Во согласност со Законот за државната статистика (член 41) и со Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели, податоците што се прибрани за потребите на официјалната статистика може да се користат за научно-истражувачки цели ако не е загрозена нивната директна или индиректна идентификација, т.е. откривањето на индивидуалноста на податокот. Пристапот до микроподатоци е возможен само во просторија на ДЗС, а врз основа на претходно доставено и одобрено барање и потпишан договор.https://stat.mk/mk/za-nas/profeduri/pristap-do-anonimizirani-mikropodatofi-za-nauchno-istrazhuvachki-feli/

## 10.5 Друго

Податоците кои се испраќаат во Евростат во SDMX формат се објавени на веб-страницата на оваа институција.

## 10.6 Документација за методологијата

"Методолошки објаснувања кои се дел од публикацијата „Бруто-домашен производ, 2014"". http://www.stat.gov.mk/Publikacii/3.4.16.01.pdf "

## 10.7 Документација за квалитетот

# 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Посветеноста на ДЗС за обезбедување на квалитет на производите и на услугите е содржана во Законот за државната статистика, Стратегијата на Државниот завод за статистика (http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=6) и Политиката за квалитет на Државниот завод за статистика (http://www.stat.gov.mk/pdf/Politika_za_kvalitet_mk.pdf), како и во постојаните напори за усогласување со Кодексот на работа на европската статистика. Главните аспекти и процедури за управување со квалитет во фазите и потпроцесите од Статистичкиот бизнис процес модел, како и добрите практики и насоките за обезбедување на квалитет се документирани во интерен документ „Упатство за обезбедување на квалитет на статистичките процеси“. Потребните влезни и излезни метаподатоци, како и релевантните индикатори за квалитет за одделни потпроцеси, се опишани во документот „Насоки за менаџерите на статистички истражувања“.

## 11.2 Оценка на квалитетот

# 12 Релевантност

## 12.1 Потреби на корисниците

Корисниците (поединци, институции, деловни субјекти и др.) ги користат годишните податоци од националните сметки за анализи на структурните промени во економијата и тие се: Владата на Република Северна Македонија со цел креирање на економската политика и развој, Народната банка на РСМ која врши проекции за движењето на БДП и предвидениот раст на економијата, одредени организации и лица за нивна поединечна употреба итн.

## 12.2 Задоволство на корисниците

Државниот завод за статистика спроведува Анкета за задоволство на корисниците на ниво на статистичка област. Оваа Анкета се спроведува на секои три години, при што последната спроведена Анкета е во 2019 година. https://www.stat.gov.mk/pdf/Anketa2019.pdf

## 12.3 Комплетност

Во однос на индикаторите кои се предвидени според регулативите на Европската комисија, ДЗС обезбедува околу 75% од нив.

# 13 Точност и веродостојност

## 13.1 Севкупна точност

Не е применливо.

## 13.2 Примерочни грешки

Не е применливо.

## 13.3 Непримерочни грешки

Не е применливо.

## 14 Навременост и точност

### 14.1 Навременост

Т+270 за претходни податоци (во соопштение). Т+630 за дефинитивни податоци (на МАКСТАТ).

### 14.2 Точност

Податоците се објавени во утврдените рокови во согласност со Календарот на навременост.

## 15 Кохерентност и споредливост

### 15.1 Географска споредливост

Податоците се произведуваат на национално ниво. Споредливоста е обезбедена на меѓународно ниво.

### 15.2 Временска споредливост

Од 1998 до 2008 година, во согласност со ЕСС 95 и Националната класификацијата на дејности НКД Рев.1. Од 2000 година во согласност со ЕСС 2010 и Националната класификацијата на дејностите НКД Рев.2. Број на референтни периоди во временската серија од последниот прекин - 15.

### 15.3 Меѓудоменска кохерентност

Податоците се делумно кохерентни. За пресметка на БДП според трошочниот метод, по тековни цени, на годишно ниво, се користат податоци од статистички истражувања во рамките на ДЗС, Министерството за финансии, НБРСМ. Пресметаните податоци за БДП според трошочниот метод, по тековни цени, на годишно ниво, според трошочните агрегати, се анализираат и споредуваат со податоците од Државниот завод за статистика, потоа со податоци од Министерството за финансии и НБРСМ.

### 15.4 Внатрешна кохерентност

Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена. Се прават споредби со проценети и претходни податоци за БДП произлезени од тримесечните процени и претходни процени. Преку табелите за понудата и за употребата на стоки и на услуги при процесот на балансирање на БДП, пресметан според трошочниот и производниот метод, се прават споредби и анализи на податоците кои се однесуваат на понудата на стоки и услуги и употребата на стоки и на услуги.

## 16 Трошок и оптовареност

## 17 Ревизија на податоците

| 17.1 | Политика за ревизија на податоците |
|---|---|

Во согласност со Политиката за ревизија на податоци во ДЗС. https://stat.mk/mk/za-nas/politiki-i-strategii/%D1%80%D0%B5%D0%B2%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%86%D0%B8/ http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=25

| 17.2 | Практика за ревизија на податоците |
|---|---|

Ревизија на податоците се прави со промена на СНС2008, ЕСС 2010. Секогаш кога во пресметките се вклучуваат нови податоци, постојано се прави рутинска ревизија. Главните ревизии се резултат на поголеми методолошки промени и се предвидуваат во Програмата за статистички истражувања. Причина за ревизија на овие податоци може, исто така, да бидат и промените на европско ниво како што се промената на Европскиот систем на сметки ЕСС95 со ЕСС 2010; Системот на национални сметки СНС93 со СНС2008, итн.

| 18 | Статистичка обработка |
|---|---|

| 18.1 | Извори на податоци |
|---|---|

Извор на податоци се: статистичките истражувања на ДЗС, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Централниот регистар, Народната банка и други релевантни институции.

| 18.2 | Фреквенција на прибирање податоци |
|---|---|

Годишна.

| 18.3 | Прибирање на податоците |
|---|---|

Прибирањето на податоците се врши по електронски пат: -Централен регистар и Министерство за финансии во CD формат; -УЈП on-line со директно полнење на базата на податоци; -НБРСМ во Excel формат и -Од статистичките истражувања на Државниот завод за статистика во Excel формат.

| 18.4 | Проверка на податоците |
|---|---|

Проверка на податоците се врши во текот на целиот процес на обработка и пресметка во согласност со критериумите за пресметка на соодветните индикатори.

| 18.5 | Компилирање податоци |
|---|---|

Прибраните податоци потребни за пресметка на БДП според трошочниот метод, по тековни цени, на годишно ниво, се пресметуваат според методологијата ЕСС 2010 и дефинираните правила за пресметка во Excel формат. Изворните податоци се проверуваат, анализираат, се вршат дополнителни компилации и балансирање на БДП категориите преку табелите на понуда и на употреба на стоките и на услугите.

| 18.6 | Прилагодување |
|---|---|

Не се врши израмнување на податоците.

## 19 Коментар

## А.1 Анекси